UDK 347.96/.99:342.33(497.7)
347.962.6(497.7)

# THE PLACE OF THE JUDICIAL AUTHORITY IN THE SYSTEM OF DIVISION OF POWER IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND RESPONSIBILITY OF JUDGES

**Doneva Nada**
Adjunct Assistant Professor,
Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
nada.doneva@ugd.edu.mk

**Gjorgjieva Dijana**
Assistant Professor,
International Vision University, Gostivar
dijana.gjorgieva@vizyon.edu.mk

## Abstract

The judicial power in the system of division of powers is the one that holds the balance between the legislative and executive power. Because of the power of the last two governments, the judiciary in the European - continental system, and hence also in the Macedonian law, constantly leads a „constitutional struggle" for its independence. Because of this, the judge, from an individual aspect, and the judiciary, from an institutional aspect, should on the one hand fight for their independence, and on the other hand, behave responsibly in the administration of justice.

Judges, as bearers of justice, have a key role in the legal system and ensuring legal certainty. Their independence is a basic pillar in the structure that should achieve the rule of law within national frameworks. However, this independence should not be limitless because all actors in society are responsible for their actions in the execution of their competences. From here, the independence of judges is a relative category, because in the system of justice its limit is precisely their responsibilities that can be determined within the framework of executing the judicial function, and which are the basis of professional and conscientious work.

The subject of analysis of this paper is the place of judicial authority in the system of division of power in the Republic of North Macedonia and the types of responsibility of its holders. The emphasis on responsibilities results from the need to protect judicial independence and freedom from undue pressure. Namely, the balance between the independence of judges and their responsibility is a key element for the integrity of the justice system.

***Key words:*** *judicial power, independence, immunity, bases of responsibility, sanctions.*

# МЕСТОТО НА СУДСКАТА ВЛАСТ ВО СИСТЕМОТ НА ПОДЕЛБА НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ОДГОВОРНОСТ НА СУДИИТЕ

**Донева Нада**
Насловен доцент, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
nada.doneva@ugd.edu.mk

**Ѓорѓиева Дијана**
Доцент, Меѓународен Универзитет „ВИЗИОН" – Гостивар
dijana.gjorgieva@vizyon.edu.mk

**Апстракт**

Судската власт во системот на поделба на власта претставува тас кој држи рамнотежа помеѓу законодавната и извршната власт. Како последица на моќта на последните две власти, судството во европско - континенталниот систем, а одовде и во македонското право, постојано води „уставна борба" за својата независност. Поради ова, судијата, од индивидуален аспект и судството, од институционален аспект, треба од една страна да се борат за својата независност, а од друга страна и одговорно да се однесуваат при правораздавањето.
Судиите, како носители на правдата, имаат клучна улога во правниот систем и обезбедувањето на правната сигурност. Нивната независност е основен столб во структурата која треба да оствари владеење на правото во национални рамки. Сепак, оваа независност не треба да биде безгранична, бидејќи сите чинители во општеството се одговорни за своето постапување во вршење на надлежностите. Одовде, независноста на судиите е релативна категорија, зашто во системот на правораздавање нејзина граница се токму нивните одговорности кои можат да бидат утврдени во рамки на вршење на судиската функција, а кои се основа на стручното и совесно работење.
Предмет на анализа на овој труд е местото на судската власт во системот на поделба на власта во Република Северна Македонија и видовите одговорност на нејзините носители. Истакнувањето на одговорностите резултира од потребата да се заштитат судската независност и слобода од несоодветен притисок. Имено, балансот помеѓу независноста на судиите и нивната одговорност претставува клучен елемент за интегритетот на правосудниот систем.

***Клучни зборови:*** *судска власт, независност, имунитет, основи за одговорност, санкции.*

## Вовед

Во една демократија од витално значење е судиите и судството како целина да бидат непристрасни и независни од сите надворешни притисоци и едни од други, така што учесниците во судските постапки ќе имаат доверба дека нивните случаи ќе се решат праведно и во согласност со закон. При извршувањето на судиската функција, носителите на судиските функции мора да бидат ослободени од какво било несоодветно влијание.

Заштитата на независноста на судската власт од мешање во нејзината надлежност се обезбедува преку остварување на своите функции во согласност со Уставот и законите, а применувајќи го и почитувајќи го уставното начело за поделба на власта на законодавна, извршна и

судска. Овој принцип на немешање во надлежностите е гарантиран со строго почитување на односите со другите две власти, но и во однос на политичките партии, државните и сите други институции и центри на моќ. Поранешните комунистички земји во Централна и Источна Европа го доживеаја предизвикот да преминат од систем во кој судиите им служеа на политичките интереси на режимот, кон поредок заснован на владеење на правото. Иако е постигнат напредок во многу области, воочлив е рецидивот дека независноста на судиите сѐ уште не е целосно заштитена во некои од овие држави кои се под влијание на политички и економски притисок.

Самостојноста и независноста на судовите и непристрасното вршење на судската власт се утврдени со уставни одредби (Сл. весник на РМ, 2011).Оттаму и должноста на сите владини и други институции да ја почитуваат и да ја имаат во предвид независноста на судството. Основни цели и функции на судската власт се: непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките; заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи; обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).

[1] Легитимната примена на законите кои ја уредуваат работата на судовите, имплицира реализација на независноста. Притоа, според условите регулирани со Уставот и законите, судиите подлежат на одговорност (дисциплинска, кривична и граѓанска) при постапувањето.

Принципот на независност на судството му дава право и бара од судството да се погрижи судските постапки да се водат правично и да се почитуваат правата на странките, а државата е должна да обезбеди соодветни ресурси за да му овозможи на судството правилно да ги извршува своите функции (United Nations, 1985). Независноста на судството резултира од независноста на секој судија поединечно. Одовде, независноста на судиите кои треба да бидат слепи за политичките влијанија и јавните мислења и да бидат водени од уставните начела, е клучна за остварување на уставно - судска заштита на слободата на мислата и одлучувањето при практикување на правото. Имено, судските одлуки се изрекуваат во името на граѓаните на РСМ и правосилните судски одлуки имаат неприкосновено правно дејство. Единствено објективно и правично вршење на судската власт, ослободено од притисоци, може да гарантираат владеење на правото и заштита на правата на граѓаните. Од суштинско значење за исполнување на овој висок политички стандард е имплементацијата на следниве елементи: независност од политиката, функционален капацитет на судовите како институции и професионален интегритет на судиите. Влијанието на политиката врз судството е контрапродуктивно и може да доведе до рушење на судскиот систем кој е претерано оптегнат, вршејќи притисок врз судиите кои се преоптоварени и работат под притисок, земајќи ја во предвид состојбата во судовите кои се соочуваат со недостиг на кадар (Paul Borg V., 2023). За заштита на судската независност потребно е доследно да се почитува и да се обезбеди начелото на поделба на власта, во смисла на тоа дека извршната власт треба да има волја да се штити независноста на судството, додека, пак, законодавната власт да носи закони што се во согласност со начелата и со уставните положби за негова независност.

---

[1] Член 3 од Закон за судовите. Службен весник на РСМ. Редакциски пречистен текст кој ги опфаќа: основниот текст на Законот, „Службен весник на РМ" 58/06, Исправка на Законот за судовите, „Службен весник на РМ" 62/06, Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на РМ" 35/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У. бр. 256/2007, „Службен весник на РМ" 61/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У. бр. 74/2008, „Службен весник на РМ" 118/08, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У. бр.124/2008, „Службен весник на РМ" 16/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на РМ" 150/10, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У. бр. 12/2011, „Службен весник на РМ" 39/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на РМ" 83/18, Законот за дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на РМ" 198/18 и Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, „Службен весник на РСМ" 96/19, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

## 1. Местото на судската власт во системот на поделба на власта

Судската власт во европско - континенталниот правен систем ќе се бори за својата автономија и позиција во системот на поделба на власта во не многу идеални услови. Основна причина за ова е подреденоста на судската власт во однос на законодавната и извршната власт во Европа, како и недовербата во судството.

Подреденоста на судската власт во однос на законодавната и извршната власт во европско - континенталниот правен систем е резултат на непостоењето на моќна централизирана судска власт. Имено, за разлика од англо-американскиот правен систем, кој се гради околу моќната централизирана власт на вестминстерските кралски судови, судството во Европа биде тас кој треба да држи рамнотежа помеѓу законодавната и извршната власт. Токму оваа состојба ќе создаде идеални услови за хипервалоризација на законот и законско креирање на границите на моќта на судската власт и формите и правото по кои таа ќе суди (ќе ја администрира правдата).

Судската власт во европско-континенталниот правен систем долго се третира како дел од извршната власт[2] со оглед на функцијата на судската власт да го применува (извршува) законот. Како последица на моќната законодавна и извршна власт, судството во Европа постојано води уставна борба (и сè уште се бори) за својата независност.

Подреденоста на судската власт ќе ескалира во состојба европскиот судија да биде само устата (bouche), а не и мозокот (cerveu) на законот (Damashka M.R., 2000), па, одовде е неможно strictu sensu да се говори за фактичка еднаквост на судската со законодавната и извршната власт во европско - континенталниот правен систем.

Недовербата во судството е втората причина за ограничената самостојност на судството во европско - континенталниот правен систем. Процесната доктрина и законодавецот никогаш нема да му дадат можност на судот во практика да ги креира формите и правилата за судењето како резултат на убедувањето дека доколку судијата е законодавец ова ќе води кон арбитрарности, а доколку е дел од извршната власт, ќе биде угнетувач. Доказ за ова се средновековните инквизициски судови и судења во Европа кои практично процесната наука ќе ја фрлат на колена, како и судството со привилегии за кралевите и феудалните лордови кое било доста омразено кај народот.

Македонскиот правен систем како дел од европско - континенталниот правен систем е втурнат во овие правни текови. Судската власт во македонскиот правен систем е дел од системот на поделба на власта и, од една страна, се бори за својата независност, а, од друга страна, одговорно треба да се однесува при правораздавањето.

Согласно член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот на Република Северна Македонија темелна вредност на уставно-правниот поредок е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска. Од друга страна, согласно член 98 од Уставот на Република Северна Македонија, судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Организацијата на судството е единствена. Забранети се вонредни судови. Исто така согласно член 1 од Законот за судовите судската власт ја вршат судовите како самостојни и независни органи. Одовде може да се заклучи дека секој правен субјект во македонскиот правен систем има уставно-процесна гаранција за независен суд in

---

[2] Ова ќе биде типично обележје на француското законодавство кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век. Судството е дел од извршната власт по Уставот на Наполеон Бонапарта од 1799 година, според кој Наполеон како највисок конзул ги избира судиите како дел од извршната власт, а дел од администрацијата на Франција со Законот за организација на судовите од 18.03.1800 година и Законот за организирање на судската власт и администрирање на правдата од 20.04.1810 година. По Уставот од 1814 година судиите ги назначува кралот и во негово име ја администрираат правдата. Одовде grund - jude во Франција долго ќе биде дел од администрацијата, а судовите ќе ја администрираат правдата.

abstracto и право на независен суд во судските постапки in concreto. Овие гаранции и права се рефлекс на местото на судската власт во системот на поделба на власта и независноста на судството и, како такви, се тесно поврзани со прашањето на одговорноста на судиите во судските постапки.

**2. Уставно-процесна гаранција за независен суд in abstracto**

Правото на непристрасен суд во судските постапки е неможно правилно да се оствари во вистинска смисла на зборот доколку не постои уставно - процесната гаранција за независен суд in abstracto. Ова затоа што судската власт ја вршат судовите како самостојни и независни државни органи кои судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Кога се говори за независноста на судството како уставна гаранција in abstracto, всушност се отвора дилемата колку и дали судската власт е самостојна во однос на законодавната и извршната власт или пошироко од политичката државна власт?! Вообичаено и најчесто во уставно - правните текстови за независноста на судството, а оттука и за независноста на граѓанското судство, се говори како за идеал. Дека ова е така, вистински доказ се: 1) отворената инструментализација, 2) делумно при скриената контрола и 3) скриената и суптилната манипулација како специфични категории и шематски модели на судската положба (Uzelac A., Zavisnost i nezavisnost: neka komparativna iskustva i prijedlozi uz položaj sudstva u Hrvatskoj, 1992).

Дури во поново време може во вистинска смисла да се говори за независност на судството во либерално - демократските држави, благодарение на градењето на судството врз база на шематскиот модел за судска (правосудна) автономија. Имено, овој модел овозможува постепена независност на судството (вклучувајќи го и правосудството) од политичката власт на државата преку креирање и реализирање на доктрината за поделба на власта, принципот за владеење на правото и заштита на уставноста. Овој тренд го следи и македонското право.

Дека ова е така вистински доказ е и фактот што судските одлуки не можат да ги преиспитуваат органи на законодавната или извршната власт на државата, затоа што судијата е единствен меродавен толкувач на законот. Со самото ова, судската власт започнува во вистинска смисла на зборот да ги штити индивидуалните права во судските постапки, стекнува поголема одговорност за зачувување на демократските институции и започнува да ја контролира законодавната и извршната власт. На овој начин, независноста на судството се претвора во основна демократска вредност која овозможува одлучување на судијата во судските постапки со примена на Уставот и законите (Poznic B. и Rakic-Vodinelic V., 1999), а не под политички влијанија.[3]

**3. Право на независен суд во судските постапки in concreto**

Независноста на судството in apstracto per se не обезбедува непристрасност во судењето, бидејќи непристрасноста во судењето подразбира неутралност и објективност на судиите при одлучувањето во конкретниот случај (Јаневски А. и Зороска - Камилоска Т., 2009). Како таква таа многу повеќе е фокусирана кон самите странки и предметот на спорот отколку кон односот на судијата со државата.

Ова процесно право се регулира и на наднационално ниво и има за цел да спречи пристрасност во судењето (Poznic B. и Rakic-Vodinelic V., 1999). Така според чл. 6 на Европската конвенција за човековите права: секој има право заради утврдување на неговите права и обврски од граѓанска природа, неговиот случај правично, јавно и во разумен рок да го испита законски воспоставен независен и непристрасен суд (Uzelac A., 2011).

[3] Ако судовите ја контролираат самоволната политичка власт, власт која се олицетворува во егзекватурата, но е присутна и во легислативата, може да се говори за независност на судството и ефикасна поделба на власта.

Оттука може да се заклучи дека правото на непристрасен суд е темелно човеково процесно право кое во никој случај не треба да биде доведено под знак на прашање со доверување на судењето на лица во чија непристрасност може да се посомнева.

Објективноста на судијата може да биде загрозена со дејствување на следниве два основни фактори: 1) надворешни влијанија и 2) субјективни својства на судијата. Поради егзистентноста на некој/и од овие фактори, судијата материјално, професионално, морално или на некој друг начин може да биде заинтересиран за исходот на конкретната судска постапка. Токму поради ова се отвора потребата судијата во конкретниот случај да биде исклучен од вршењето на судиската функција.

## 4. Судска независност и механизми кои ја гарантираат

Законската регулатива врз основа на која судиите ги извршуваат своите функции треба да обезбеди доволно заштитни механизми против обидите да се влијае врз судиите, што претставува гаранција за судската независност. Ваквата гаранција треба да се почитува и од останатите власти.

Независноста на судската власт првенствено значи независност на судијата од странките во процесот на судење и независност од другите власти; гаранција за независноста во оваа смисла е изборот на судии кои ги исполнуваат условите за независност, што значи да се карактеризираат со непристрасност, интегритет, еднаквост, стручност, професионалност, трудољубивост, одговорност, пристојност, како и со однесување кое влева доверба во извршувањето на судиската функција (Николовска М. Коцо В. и Алексијевски Л., 2016). Притоа, самата судска власт треба да ја штити независноста на судијата. Судската независност значи дека судиите мора да бидат слободни да ги извршуваат своите судски овластувања без мешање на странките, државата, медиумите или моќни поединци или субјекти. Нападите врз судството, кои придонесуваат за нарушување на независноста на судиите, многу често доаѓаат од политичките партии, но и од медиумите. Сензибилитетот на судијата на критицизмот на политичките партии во борбата да добијат повеќе гласови, поддржан од медиумите со прикажување на носителите на судската власт во едно или друго светло, ги остава без механизми за спротивставување и фрла дамка врз начинот на нивното работење, нарушувајќи ја нивната независност и непристрасност. Во овој контекст, начин на влијание е и можноста за лаичко коментирање на социјалните мрежи во однос на необјавена пресуда или незавршен предмет. Одговорност на судиите во вакви случаи е да останат објективни и непристрасни, без оглед на јавното мислење или други надворешни фактори. Судот на јавноста не смее да ја подрие довербата во судството, која е еквивалентна на правда, и да ја претвори во недоверба и срам за судот, како друго лице на основниот постулат на една правна држава (Judiciary Courts and Tribunals, 2023). Судскиот систем во државата треба да постави систем на информирање кој ќе превенира носење на избрзани пресуди на јавноста, но истовремено и да опстои на инсистирањето на отчетност, јавност и законитост (Тодоров Н., 2023). Имено, судиите не се избрани за да стекнат популарност во јавноста, туку за да судат согласно утврдените уставни и законски одредби, па треба да бидат подготвени, доколку доказите и законот упатуваат на тоа, да носат одлуки со кои мнозинството граѓани нема да бидат задоволни, затоа што работата на судијата не е да ги задоволи барањата и очекувањата на мнозинството, туку правдата.

Филтер за ефикасност на судските постапки и праведно и правично судење е работното искуство на судијата, постапувањето и начинот на кој се бори со одредени ставови на повисоките судови и колку држи до своето мислење во насока на правично одлучување. Државите од Западен Балкан се заложуваат за ослободување на судството од политички притисок по пат на законски интервенции, но законските решенија за избор на судии кои ја гарантираат нивната независност не се доволно имплементирани во пракса (European Western Balkans, 2022). Имено, во државите од регионот не доаѓа до израз квалитетот на судството во борбата против корупцијата, што е видливо преку однесувањето на судиите по пат на манипулација со правните квалификации. Според последниот извештај на Стејт Департментот за Република Северна Македонија (USA Department of

States, 2023), иако Уставот предвидува независно судство, Владата не секогаш ја почитува судската независност и непристрасност. Веродостојните извештаи за неоправдано несоодветно однесување на судиите, непотребен политички и деловен притисок врз нив, непотизам, клиентелизам, одолговлекување на правдата, несоодветно финансирање, отпор кон користење на законски задолжителна технологија и недостаток на кадар, ја попречуваат судската ефикасност и влијаат на довербата на јавноста во владеењето на правото. Притоа, анкетите покажуваат силна недоверба на јавноста кон судството (Институт за европска политика, 2020). Јавната перцепција за судството, изразена преку довербата на граѓаните во судскиот систем, е во продолжен пад во секоја наредна година, па во изминатата година, процентот на луѓето што целосно им веруваат на правосудните органи паѓа на ниво на статистичка грешка, односно само еден отсто од граѓаните имаат целосна доверба во судскиот систем и во обвинителството на РСМ. Главни причини за недовербата на граѓаните во правосудството се перцепцијата за корупција, за политички влијанија и долгото времетраење на судските постапки. Исто така, во судството и обвинителството унапредувањата најчесто се вршат под политичко влијание без заслуга или транспарентност на судиите. Дополнително, судијата не може да припаѓа на политичка партија или друг облик на организирање, или да врши јавни активности некомпатибилни со принципот на независност на судиите.

Во однос на судските постапки, Извештајот не дава позитивна оценка во однос на работењето на судовите (USA Department of States, 2023). Имено, Уставот и законот предвидуваат право на правично судење, а судството генерално го спроведува ова право. Меѓутоа, судовите работат со значително доцнење, особено во случаите на корупција од висок профил и со повеќе обвинети. Судењата пред повисоките судови, односно по жалба, честопати се пролонгирани на различни процедурални, здравствени или необјаснети основи.

## 5. Одговорност на судиите

Овластувањата кои им се доверени на судиите се строго поврзани со вредностите на правдата, вистината и слободата, па одовде стандардите на однесување што важат за судиите се последица на овие вредности и предуслов за доверба во спроведувањето на правдата. Последица на овластувањата и довербата што општеството им ја дава на судиите е обезбедувањето начини на кои судиите ќе се сметаат за одговорни, па доколку е потребно, во случаи на недолично однесување дури и да се отстранат од функцијата. Претпазливоста при вршење на функциите и можноста за повикување на каква било одговорност, резултира од потребата да се одржи независноста на судството и слободата од непотребен притисок.

Во последните децении, многу судски системи беа сведоци на „управување“ со правдата - феномен што вклучува примена на техники од приватниот сектор за подобрување на функционирањето на судовите кои во интеракција со професионалните стандарди на работење на судиите, задираат во нивната независноста и квалитет на работење (Viapiana F. Van Dijk F. and Diephuis B., 2023). Обидите за управувањето со судството се во сериозен конфликт со судската независност, а коруптивноста на еден судија може да го оцрни системот во целина, па одовде консеквенцата дека корумпираните судии мора да бидат кривично гонети. Политичките интервенции и корупцијата го поткопуваат кредибилитетот на целиот правосуден систем и го загрозуваат правото на правично судење како што е дефинирано во Европската конвенција за човекови права: „...секој има право на правично и јавно сослушување во разумен рок од независен и непристрасен трибунал“ (член 6 став 1) (Council of Europe, 1950), затоа ваквите недостатоци треба да се решат приоритетно и на систематски начин.

Одговорностите на судиите во споровите помеѓу граѓанинот и државата се зголемени во континуитет со растот на владините функции во текот на минатиот век. На тој начин се зголеми одговорноста на судството да ги заштити граѓаните од незаконските акти на власта, а со тоа и потребата судството да биде независно од власта. Државите во транзиција се соочуваат со основниот

проблем во однос на обезбедување и заштита на угледот на судството каде судиите треба да бидат поединци со интегритет и способност со соодветни квалификации. Во Препораката R(94)12 на Советот на Европа за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, е наведено следново: „Сите одлуки во однос на професионалната кариера на судиите, треба да се засноваат на објективни критериуми, а изборот и напредувањето на судиите треба да се заснова на нивните квалитети, земајќи ги предвид нивните квалификации, интегритет, способности и ефикасност во работењето. Телото кое ги носи одлуките во однос на изборот и напредувањето на судиите, треба да биде независно од власта и државната администрација..." (Council of Europe, Recommendation no. R (94) 12 of the Committee of Ministers to Member States on the Independence, Efficiency and Role of Judges., 1994)[4] Од суштинско значење за да се обезбеди компетентност е назначувањето или унапредувањето на судијата да се заснова на објективни критериуми и заслуги, квалификација, интегритет и ефикасност.

Иако независното и непристрасно судство е еден од темелите на демократијата, ефектуирањето на овие начела во практика често се третира со сомнеж. Судиите уживаат имунитет од кривично гонење за какви било дејствија што ги извршуваат во извршувањето на нивната судиска функција. Тие, исто така, без предрасуди за каква било дисциплинска постапка или право на жалба или на надомест од државата, во согласност со националното законодавство, треба да уживаат личен имунитет од граѓански тужби за парична оштета за несоодветни дејствија или пропусти при вршењето на нивните судиски функции (United Nations, 1985). Овие принципи наведуваат на сугестија дека судиите некако се „над законот". Меѓутоа, судиите подлежат на законот на ист начин како и секој друг граѓанин. Секое обвинение или претставка поднесена против судија во неговото судско и професионално својство, треба да се процесуира брзо и правично во соодветна постапка. Судијата има право на правично сослушување. Испитувањето на предметот во почетната фаза ќе се чува во тајност, освен ако судијата не побара поинаку. Судија може да биде разрешен или да си поднесе оставка од функцијата само поради причини на неспособност или однесување што го прави неподобен за извршување на неговата должност.

Спроведувањето на правдата е рефлексија и на постапувањето со предметите пред започнување на постапките. Во овој контекст, распределбата на предметите не треба да биде под влијание на желбите на која било страна, изземањето на судиите не смее да се случи без многу добра причина за тоа, предвидена со законски одредби, одлуките на судиите не треба да бидат предмет на никаква ревизија надвор од жалбената постапка.

Доктрината за имунитет на судиите, според која судиите генерално биле одговорни за своите погрешни дела, а судскиот имунитет бил исклучок, а не правило, има античко потекло и се појавува како одговор на создавањето на правото на жалба (Shaman J.M., 1990). Најважната цел на судскиот имунитет е да се заштити судската независност. Недостатокот на имунитет, може да го остави отворен патот за вршење притисок судиите да одлучуваат во согласност со желбите на властодршците. Правниот систем е дизајниран да се коригира или преку системот на жалби или преку неколкуте ограничени околности кога странките можат да го сметаат судијата одговорен за неговото однесување преку кривично гонење или водење на дисциплинска постапка (Monahan M.A., 2000). Оспорувањето на доделувањето апсолутен имунитет на судиите е оправдано, особено затоа што судиите се тие што си даваат апсолутен имунитет самите на себе. Имено, судскиот имунитет не се протега на дејствијата што ги презема судијата во јасно отсуство на јурисдикција.

Во однос на одговорноста на судиите треба да се земат во предвид две конкурентни размислувања, односно: одговорноста на судиите не треба да се користи како алатка за вршење притисок врз независноста на судството и треба да се спречи намерно донесување незаконски пресуди (Council of Europe, Criminal Responsibility of Judges for Unjust Judgments - Comparative Paper, 2020). Обврската на судијата спрема државата е санкционирана на два начини: со контрола на правилноста на судењето во рамки на правосудниот механизам по повод правните лекови и со

[4] Adopted by the Committee of Ministers on 13 October 1994 at the 518th meeting of the Ministers' Deputies.

директна индивидуална кривичноправна, дисциплинска и граѓанскоправна одговорност на носителот на правосудната функција. Притоа, треба да се земе во предвид правото на жалба како евентуално најефективен начин за поправање дури и на намерните судски грешки. Во контекст на ова, странките имаат право против судските одлуки да истакнуваат редовни или вонредни правни лекови или пак да иницираат постапки за директно санкционирање на носителот на правосудната функција.

Граѓанскоправната и кривичноправната одговорност на судиите се одделиле меѓусебно во посебни институти во XVIII век. Одвојувањето на граѓанската од кривичната одговорност, во правната теорија се припишува како заслуга на француските теоретичари Domat и Pothier. Според нив, сите загуби и сите штети кои ќе ги причини некое лице поради своја непромисленост, невнимателност, непознавање на она што лицето било должно да го познава или друга слична вина, без оглед колку е лесна, мораат да се надоместат. Кога француската природно - правна школа ќе се конектира со германската пандектна школа, Јеринг прв ќе согледа дека основ за одговорноста претставува вината.

### 5.1. Облици на одговорност

#### 5.1.1. Кривична одговорност

Судскиот имунитет не ги ослободува судиите од кривична одговорност. Судската титула не го прави нејзиниот носител имун на одговорност, дури и кога кривичното дело е сторено зад штитот на судиската функција. Кога судиите се вклучени во систематско поткопување на владеењето на правото, аргументот за независност на судството не треба да ги штити од одговорност (Graver H.P., 2016). Судиите кои во вршењето на нивната функција ќе извршат кривично дело, не можат да бараат имунитет од кривичните процеси. Како и да е, иако сегашната практика не ја исклучува целосно кривичната одговорност на судиите за ненамерни пропусти во извршувањето на нивните функции, судијата не треба да работи под закана од финансиска казна, а уште помалку затвор, чие присуство, колку и да е потсвесно, може да влијае на неговото расудување (Consultative Council of European Judges, 2002). Врз основа на имунитетот кој го ужива при вршењето на судиската функција, судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судска одлука (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[5] Судија може да сноси кривична одговорност за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години доколку истиот е затечен *in flagranti*. Притоа, извршување на кривично дело од страна на судија повлекува не само кривична одговорност, туку и поведување на дисциплинска постапка. Еден од основите за престанок на судиската функција е постоењето на правосилна судска пресуда за кривично дело со кое судијата е осуден на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за дело поврзано со злоупотреба на судиската функција, по правосилноста на пресудата со која е изречена оваа казна, односно прекршок, во кој случај Судскиот совет со решение утврдува престанок на судиската функција во постапка уредена со закон (Сл. весник на РСМ, 102/2019).[6] Притоа, судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет на Република Северна Македонија, а за време додека се наоѓа во притвор, или додека трае постапката за кривично дело, судијата се оддалечува од вршењето на судиската функција (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[7]

---

[5] Член 65 од Закон за судовите, според кој за одземање на имунитетот на судиите, одлучува Судскиот совет на Република Северна Македонија во итна постапка.

[6] Член 54 в.в. член 58 од Закон за Судски совет на Република Северна Македонија. „Службен весник на РСМ", 102/19.

[7] Според член 67 став 2 и 3 од Законот за судовите, судијата може да биде оддалечен од вршењето на судиската функција кога е поведена постапка за утврдување на одговорност согласно закон и кога постојат оправдани

### 5.1.2. Граѓанскоправна одговорност

Анализата на судската одговорност бара холистички пристап, односно разгледување на истата како целина, бидејќи таа не започнува ниту завршува со кривична одговорност.

Во однос на наметнувањето на граѓанска одговорност на судиите за последиците од нивните погрешни одлуки или за други пропусти (на пр. прекумерно одложување), судиите треба да уживаат апсолутна слобода од одговорност во однос на барањата поднесени директно против нив во врска со добронамерно вршење на нивните функции. Судските грешки, без разлика дали се во однос на јурисдикцијата или постапката, при утврдувањето или примената на законот или при оценувањето на доказите, треба да се решаваат со жалба; другите судски пропусти кои не можат да се поправат на овој начин (вклучувајќи, на пример, прекумерно одложување) треба, најмногу, да доведат до тужба на незадоволниот парничар против државата. Не е соодветно, во однос на вршење на судиската функција, судијата да биде изложен на каква било лична одговорност, дури и по пат на враќање на трошоците на државата, освен во случај на намерно неисполнување на обврските.

Имено, против судија или судија - поротник не може да се води постапка за надоместок на штета или друга постапка од страна на странка која е незадоволна од одлуката на судијата. Заради штета што во вршењето на функцијата ќе им ја причини на граѓани или на правни лица со незаконита работа, судијата може да биде разрешен, а одговорна е државата, која по пат на тужба може да бара од разрешениот судија враќање на износот на исплатената штета во висина што ќе ја утврди судот (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[8] Граѓанскоправната одговорност значи дека судијата е должен да ѝ ја надомести штетата на странката која што со своето неодговорно дејствување по негова вина и ја предизвикал во конкретната постапка.

### 5.1.3. Дисциплинска одговорност

Кога станува збор за дисциплинска одговорност на судиите, прекршувањата на соодветните професионални стандарди не треба да се поврзуваат со недоличното однесување што потенцијално доведува до дисциплински санкции. Професионалните стандарди претставуваат најдобра практика кон која сите судии треба да се стремат и да ја развиваат. Нестручно и несовесно вршење на судиската функција подразбира незадоволителна стручност или несовесност на судијата што влијае на квалитетот и ажурноста во работењето (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[9] За да се оправдаат дисциплинските постапки, недоличното однесување мора да биде сериозно и флагрантно и да

причини за оддалечување од вршење на функцијата утврдени во закон. Одлука за оддалечување на судијата од судиската функција донесува Судскиот совет на Република Северна Македонија.

[8] Член 70 став 1 и 2 од Закон за судовите. „Службен весник на РСМ", редакциски пречистен текст.

[9] Според член 76 став 1 од Законот за судовите, нестручен и несовесен е судијата ако: во две последователни оценувања не ги исполнува критериумите за успешност во работењето, по вина на судијата без оправдани причини, за што е оценет со две негативни оценки, а согласно со постапката утврдена со Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија; е осуден со правосилна судска пресуда на казна пониска од предвидената безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, а која е директен резултат на постапување во вршење на судиската функција, намерно или со свесна небрежност; неовластено издава класифицирани информации, односно изнесува информации и податоци за судски предмети со што се повредува обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со закон и кога јавноста е исклучена согласно со закон; без оправдани причини не ги закажува рочиштата во предметите кои му се доделени во работа или на друг начин ја одолговлекува постапката; не го зема предметот во работа заради што настапува застареност на кривично гонење или застареност на извршување на кривична санкција за кривично дело;земе во работа предмет кој не му е распределен преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети во судовите; намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата.

претставува многу повеќе од непочитување на професионалните стандарди на работење. Имено, државата треба да ги дефинира со поспецифични термини пропустите што можат да доведат до дисциплински санкции, како и процедурите кои треба да се спроведат.

Законот му дава можност на секој граѓанин да поднесе писмена претставка до претседателот на судот заради недолично или непримерно однесување на судијата во службените односи со странките и да добие одговор на истата (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[10] Притоа, судијата против кого е поднесена претставката, има право на одговор во законски определен рок.

Дисциплинската одговорност на судијата е независна од каква било кривична одговорност, а дисциплинската постапка се води без оглед на кривичната постапка, исто така и во случај на истовремен и предметен идентитет на овие две постапки. При утврдувањето на дисциплинската одговорност, определувањето и изрекувањето на дисциплинските мерки задолжително се земаат предвид тежината на повредата, степенот на одговорност, околностите под кои е сторена повредата и однесувањето на судијата, последиците од сторената повреда, како и претходно изречените дисциплински мерки. За утврдена одговорност на судија за дисциплинска повреда (Сл. весник на РСМ, Закон за судови)[11] сторена со намера или очигледна небрежност по вина на судијата без оправдани причини која евентуално предизвикала тешки последици, може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки: писмена опомена, јавен укор или намалување на платата во висина од 15% до 30% од месечната плата на судија во траење од еден до шест месеци (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[12] Еден од начините на престанок на судиската функција е разрешување на судија поради потешка дисциплинска повреда (Сл. весник на РСМ, Закон за судови)[13] што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишана со закон и поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција, доколку повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на судијата без оправдани причини и нејзиното сторување предизвикало тешки последици (Сл. весник на РСМ, Закон за судови).[14]

Донесувањето на одлуките во однос на одговорноста на судиите за вршење на доделените функции и за одземање на имунитетот на судиите, е во надлежност на Судскиот совет на РСМ. Притоа, постапката за утврдување на одговорност на судија е итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот при што се води сметка за заштита на личните податоци на судијата или претседателот на судот согласно со прописите за заштита на личните податоци (Сл. весник на РСМ, 102/2019).[15] Притоа, постапката најпрво се води пред Комисија на известители составена од тројца членови (од кои два се од редот на членовите избрани од страна на судиите, а еден е од редот на членовите избран

---

[10] Член 68 од Законот за судовите. „Службен весник на РСМ“, редакциски пречистен текст.

[11] Член 77 став 1 од Законот за судовите, како дисциплинска повреда за која се поведува постапка за утврдување на одговорност на судија за која ќе се изрече дисциплинска мерка се смета: полесна повреда на јавниот ред и мир или друга полесна форма на недолично однесување со кое се нарушува угледот на судот и неговиот углед; искористување на својата функција и угледот на судот за остварување на свои приватни интереси; неисполнување на менторски задолженија; повреда на правилата за отсуство од работа; непосетување на задолжителните обуки или неносење судска тога за време на судењата.

[12] Член 77 став 1 од Законот за судовите. „Службен весник на РСМ“, редакциски пречистен текст.

[13] Член 75 став 1 од Законот за судовите, според кој за потешка дисциплинска повреда, за која се поведува постапка за утврдување на одговорност на судија, се смета: потешка повреда на јавниот ред и мир и други посериозни форми на недолично однесување со која се нарушува угледот на судот и неговиот углед; грубо влијание и мешање во вршењето на судиската функција на друг судија; ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или очигледно прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени со закон.

[14] Член 74 од Законот за судовите. „Службен весник на РСМ“, редакциски пречистен текст.

[15] Законот за Судски совет на Република Северна Македонија ја уредува постапката за утврдување на одговорност на судија во член 61 до член 72.

од страна на Собранието на Република Северна Македонија), која ја формира Советот и која прибира податоци и докази од интерес за утврдување на состојбата во врска со барањето за утврдување на одговорност на судија доставено до Советот, врши достава на барањето и доказите лично до судијата или претседателот на суд против кој е поднесено, одржува расправа по барањето и изготвува и поднесува Извештај за констатираната состојба по барањето до Советот. Советот расправа по Извештајот на комисијата на седница и по завршување на расправата првично одлучува за запирање на постапката доколку утврди дека нема основ за одговорност. Доколку Советот не донесе одлука за запирање на постапката, одлучува за разрешување на судијата, односно за изрекување на дисциплинска мерка, почнувајќи од потешката кон полесната. Одлуката на Советот се доставува до судијата, односно претседателот на судот, подносителот на барањето и претседателот на судот во кој судијата ја врши функцијата, односно претседателот на непосредно повисокиот суд. Двостепеноста на постапката за утврдување на одговорност на судија, се исцрпува преку правото на жалба на судијата за кого е водена истата до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија. Доколку одлуката на Судскиот совет се укине од страна на жалбениот совет, против одлуката што Судскиот совет ја донесува при повтореното одлучување, судијата против кого се води постапката нема право на жалба. Ова е моменталното законско решение, кое предизвика полемики во однос на примената на начелото на двостепеност на постапката и за кое е веројатно ново решение со донесување на следните измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет.

### 5.2. Примери од практиката за одговорност на судии

Однесување на судии кое повлекува кривична и дисциплинска одговорност е илустрирано со неколку примери подолу во случаи кога во кривична постапка се огласени за виновни, односно во дисциплинска постапка е донесена одлука за престанок на судиската функција (Судски совет на Република Северна Македонија, н.д.).

- **Неоправдано одолговлекување на постапката**

Станува збор за предмети кои имаат итен карактер (стечаен предмет), а судијата во текот на неколку години не преземал никакви дејствија за одлучување по истите. Водена е дисциплинска постапка и судијата е разрешен од функцијата.

- **Судијата не поднел изјава за изземање во случај кога за тоа има услови**

Постојат услови за изземање на судијата, а судијата за тоа не го известил претседателот на судот. Странката поднела барање за изземање на судијата, а судијата се произнесува дека нема услов за негово изземање и остава за постоењето на услови да цени претседателот на судот. Претседателот на судот, и покрај тоа што постојат услови за изземање на судијата, барањето за изземање од странката го одбил и судијата постапувал во предметот.

- **Донесување и доставување на две различни пресуди за ист предмет до странките на постапката**

Водена е постапка против судија кој во ист предмет практично донел две пресуди и до секоја од двете странки доставил различна пресуда.

- **Постапување во предмет во кој судијата требало да биде изземен**

Судија кој постапувал во предмет во кој биле исполнети услови за изземање, по водење на дисциплинска постапка, е казнет со намалување на платата во висина од 30% од месечната плата на судија во траење од шест месеци.

- **Влијание на распределбата на предмети**

Претседател на суд влијае на распределбата на предметите на начин што истата се врши надвор од предвидената процедура, односно со заобиколување на системот АКМИС и предметот се доделува во работа на судија кој е избран од претседателот, а не од информацискиот систем за автоматско управување со судски предмети. Против претседателот на судот е водена кривична постапка, огласен е за виновен и изречена му е казна затвор. Во дисциплинска постапка, разрешен е од функцијата претседател и судија во судот каде работи.

- **Примање поткуп**

Против судија на апелационен суд, водена е постапка за примање поткуп. Судијата е фатен во извршување на делото при примањето на одреден паричен износ. Во кривична постапка, судијата е осуден на казна затвор.

## Заклучок

Македонскиот судски систем, како и многу држави во европско - континенталниот правен систем, се соочува со слични проблеми во однос на системот на поделба на власта од аспект на постојаната борба за независност од законодавната и извршната власт. Имено, македонскиот судија само го применува правото при решавање на конкретен случај, но не го создава. Од друга страна, и политиката преку законодавната и извршната власт се обидува да влијае врз судскиот систем. Одовде, неопходно е судиите целосно да се ослободат од политичките притисоци за да можат да донесуваат објективни одлуки за меритумот на спорот.

Функционалната независност и ослободување од политичкиот притисок, ќе обезбедат кревање на рејтингот на судиите помеѓу граѓаните, а прв чекор кон остварување е почитување на демократијата и политичка волја за сместување на судската власт во поставената рамка, преку создавање на со Уставот и законите профилираната слика за неа.

Довербата во правосудниот систем е уште поважна со оглед на зголемената глобализација на споровите и широката циркулација на пресуди. Во држава во која владее правото, јавноста има право да очекува остварени општите принципи, компатибилни со идејата за правично судење и гарантирање на основните права. Обврските на судиите се воспоставени со цел да се гарантира нивната непристрасност и ефективноста на нивното дејствување. Особено значителна мерка за враќање на довербата на јавноста во судството ќе биде процесот на измена на конкретни аспекти и одредби од дисциплинските постапки и елаборирање на етички кодекси со цел понатамошно развивање, разјаснување и промовирање на примената на највисоките етички стандарди во судството.

Целта на доделување на овластувањата на судиите е всушност овозможување да ја спроведуваат правдата со примена на законот и обезбедување дека секое лице ги ужива правата и/или имотите кои му се законски определени и од кои било или може да биде неправедно лишено. Судиите во вршење на своите функции треба да се водат според принципите на професионално однесување како основа на нивното постапување и во одредени ситуации да ги надминат тешкотиите со кои се соочуваат во однос на нивната независност и непристрасност. Во контекст на ова се отвора потребата да се искорени корупцијата во правосудството и да се засилат внатрешните и надворешните механизми за контрола на работата на судиите.

Иако кривичната одговорност на судиите претставува закана за судската независност, таа не е доволно силна за да ја надмине важноста од спроведување на кривичниот закон, дури и против судиите. Никој не треба да биде изземен од одговорност за начинот на постапување и судиите не треба се кријат зад својата функција како засолниште за криминалното однесување кое му штети на

општеството. Од друга страна, судиите уживаат значителен степен на имунитет од граѓанска одговорност. Судскиот имунитет престанува да ги штити незаконитите судски дејствија или дејствијата преземени во јасно отсуство на јурисдикција, но овие ограничувања на доктрината за судски имунитет се применуваат умерено, па, без разлика колку е еклатантно кршењето на законот, истите уживаат апсолутен имунитет. Доделувањето на апсолутен имунитет за судиите е важно за да се одржи независноста на судството и судиите да се заштитат од вознемирување од страна на незадоволните странки. Притоа, неопходен е внимателен пристап кон криминализацијата на судиите, особено во време на транзиција и политичка нестабилност, во услови кога може да се изврши притисок врз судиите да решаваат одредени случаи на конкретен начин со различни средства.

Целосниот имунитет на судиите, сепак, може да придонесе за поткопување на довербата на јавноста во судскиот систем, а постои и легитимна потреба од можноста за казнување на судиите кои ќе извршат очигледни кривични дела надвор од вршењето на нивната функција. Судиите не треба да имаат привилегии кои го надминуваат она што е неопходно за вршење на нивната функција како заштитници на правдата. Како што е нагласено во меѓународни документи, независноста на судиите не е привилегија, туку е во интерес на владеење на правото и на оние кои бараат и очекуваат правда. Додека доктрината за судски имунитет во голема мера ги штити судиите од одговорност, сиромашната пракса за нивна одговорност помага да се зачува интегритетот и работоспособноста на нашиот правен систем.

Уставната гаранција за независен суд, во најширока смисла на зборот, и правото на независен суд во конкретен случај, дополнително треба да бидат засилени со механизми за контрола на работењето на судиите. Ова затоа што судската практика ни покажува дека во мал број случаи судиите сносат кривичноправна или граѓанскоправна одговорност поради повреда на правата на странките во постапките. Посебно симптоматични во контекст на ова се и извештаите на ЕУ кои говорат за корумпираност на македонското судство. Поради ова, треба да се преземат конкретни мерки во насока кон избор на судиите по меритократски систем, засилување на контролата на нивното работење, како и на објективноста на постапување и одлучување.

Јакнење на независноста на македонскиот судски систем може да се обезбеди преку имплементација на законски реформи во насока на: намалување на можноста судијата неосновано да ја одолговлекува постапката со воведување на рокови за постапување на судиите; поголема видливост на податоците за судиите кои судат конкретен случај, во смисла на постоење на неутрално тело кое ќе внимава на присуството на услови за изземање на судија во одреден случај и веднаш ќе реагира; водење на судските предмети и евидентирање на одлуките кои се веќе пресудена работа во електронска форма, со цел да се спречи предизвикување правна несигурност и судење за иста правна работа два или повеќе пати; пронаоѓање на нови механизми за распределба на судските предмети во насока на објективно распределување; поголема контрола врз работата на судиите, особено во оние ситуации каде постои сомнеж за поткуп. Во контекст на ова, може да се направи и ветинг на судиите како прв чекор кон чистење на судството од потенцијална корумпираност кога постојат оправдани индиции и/или докази за тоа.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Consultative Council of European Judges. (2002). *Opinion no. 3 to the attention of the Committee of Ministers of the Council of Europe on the principles and rules governing judges' professional conduct, in particular ethics, incompatible behaviour and impartiality*. Strasbourg: Council of Europe.

Council of Europe. (1950). *European Convention on Human Rights*. Rome.

Council of Europe. (1994). *Recommendation no. R (94) 12 of the Committee of Ministers to Member States on the Independence, Efficiency and Role of Judges*.

Council of Europe. (2020). *Criminal Responsibility of Judges for Unjust Judgments - Comparative Paper*. Kyiv: Council of Europe.

Damashka, M. R. (2000). *Las caras de la justicia y el poder del Estado (Analisis comparado del proceso legal)*. Santiago: Editorial Juridica de Chile.

European Western Balkans. (2022, September 29). *The judiciary is still dependent on political pressures in the Western Balkans*. Преземено од https://europeanwesternbalkans.com/2022/09/27/the-judiciary-is-still-dependent-on-political-pressures-in-the-western-balkans/.

Graver, H.P. (2016). Judging without Impunity: On the Criminal Responsibility of Authoritarian Judges. *Bergen Journal of Criminal Law and Criminal Justice, Volume 4, Issue 1, 144.* DOI: https://doi.org/10.15845/bjclcj.v4i1.

Monahan, M. A. (2000). The Problem of „The Judge Who Makes the Case His Own": Notions of Judicial Immunity and Judicial Liability in Ancient Rome. C*atholic University Law Review, Volume 49, Issue 2, 439*. Преземено од: https://scholarship.law.edu/lawreview/.

United Nations. (1985). *Basic Principles on the Independence of the Judiciary*. Milan.

Poznic, B. и Rakic - Vodinelic, V. (1999). *Građansko procesno pravo* (15 izmijenjeno i dopunjeno izdanje). Beograd: Savremena administracija.

Shaman, J. M. (1990). Judicial Immunity from Civil and Criminal Liability. *27 San Diego Law Review, Volume 1, 9*.

Courts and Tribunal Judiciary. (2023, October 27). *Independence*. Преземено од https://www.judiciary.uk/about-the-judiciary/our-justice-system/jud-acc-ind/independence/.

USA Department of States. (2023). *Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia*. Преземено од https://www.state.gov/reports/2023-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

Uzelac, A. (2011). Pravo na pošteno suđenje: Opći i građanskopravni aspekti čl. 6. st. 1. Europske konvencije za zaštitu ljudskih prava i temeljnih sloboda. Во I. Radacic, *Usklađenost hrvatskih zakona i prakse sa standardima Europske konvencije za zaštitu ljudskih prava i temeljnih sloboda* (89 - 90). Zagreb: Centar za mirovne studije.

Uzelac, A. (1992). Zavisnost i nezavisnost: neka komparativna iskustva i prijedlozi uz položaj sudstva u Hrvatskoj. *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagreb, No. 42,* 579-582. DOI: https://doi.org/10.35295/osls.iisl.1672.

Paul Borg, V. (2023, July 11). *Government's political pressure on judiciary intensifies crises in court and undermines rule of law*. Преземено од https://victorborg.com/political-pressure-judiciary-court-crisis-inefficiency-malta

Viapiana, F., Van Dijk, F. Diephuis, B. (2023). Pressure on judges: How managerialisation and evolving professional standards affect judges' autonomy, efficiency and stress. *Empirical research with judicial officers and courts: Methods and practices, Volume 13, Issue S1*, 350. DOI: https://doi.org/10.35295/osls.iisl.1672.

Институт за европска политика. (2020, Октомври 15). *Колкава е довербата во правосудството - претставени наоди од анкета со граѓани - учесници во судски постапки и вработени во правосудството*. Преземено од https://epi.org.mk/post/16083

Јаневски, А. и Зороска - Камиловска, Т. (2009). *Граѓанско - процесно право. Парнично право* (прво издание). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први".

Николовска, М. Ц., Коцо, В. и Алексијевски, Л. (2016). *Основна анализа на работењето на Судскиот Совет на Република Македонија*. Скопје: Институт за човекови права.

Сл. весник на РСМ (2011). *Устав на Република Македонија*. Скопје.

Сл. весник на РСМ. (102/2019). *Закон за судски совет*. Скопје.

Сл. весник на РСМ. *Закон за судови*. Скопје.

Судски совет на Република Северна Македонија. *Судски портал на РСМ*. Преземено од http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/odluki/!ut/p/z1/04_Sj9CPykssy0xPLMnMz0vMAfIjo8zizdxNTAwsvA183A39LQwcQ_1DzSw93IwsPcz0w8EKDHAARwP9KGL041EQhd_4cP0ofFaEhhpDFeAxoyA3

NMIg01ERAMTAqtc!/?currPage=1&decTitle=&decType=Disciplinska_postapka&decDateFrom=&decDate

Тодоров, Н. (2023, Март 15). *Колумна: Судството боледува од пре - реформираност*. Преземено од https://www.dw.com/mk/sudstvoto-boleduva-od-prereformiranost/a-64988871